Врз основа на член 65 став (2) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 183/13 и 42/14), Градоначалникот на општина Свети Николе, на ден 03.11.2016 година, донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 0901-474
03.11.2016 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Генерален Урбанистички План за Град Свети Николе за плански период ( 2015-2025), Општина Свети Николе кој го донесува Градоначалникот на општина Свети Николе потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 став (2) од Законот за животна средина.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Генерален Урбанистички План за Град Свети Николе за плански период ( 2015-2025), Општина Свети Николе се определуваат следните: правни и физички лица од Св. Николе, ЈКП Комуналец Св. Николе, ЕВН Македонија КЕЦ Штип,АД Македонски Телеком Штип, Музеј на Град Св. Николе, МВР Св. Николе, Еколошки друштва од Св. Николе, Министерство за земјоделство – Подрачно одделение Св. Николе, Управа за имотно правни работи - Подрачно одделение Св. Николе, Агенција за катастар на недвижности - Подрачно одделение Св. Николе, УЈП – Подрачно одделение Св. Николе, Невладини организации и др.

3. За планскиот документ Генерален Урбанистички План за Град Свети Николе за плански период ( 2015-2025), Општина Свети Николе за чија изработка е одговорно Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје, а го донесува Советот на општина Св. Николе, донесувањето на планскиот документ Генерален Урбанистички План за Град Свети Николе за плански период ( 2015-2025), Општина Свети Николе ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Влијание врз населението и човековото здравје, влијание врз социо-економската состојба, влијанија врз квалитетот на амбиенталниот воздух, влијание врз квалитетот на површинските и подземни води, влијание врз почвата, влијание од бучава, влијание врз флора и фауна, влијание врз предел, влијание врз материјални добра, влијание врз културно и историско наследство, влијание од несреќи и хаварии и прекугранично влијание.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Свети Николе на следната веб адреса/и: www.svetinikole.gov.mk.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.0901-474

03.11.2016 год.

Место Свети Николе

Градоначалник,

Зоран Тасев

--------------------